# Проектни активности на

# *Здружението за унапредување на меѓусебна доверба ТАКТ*

# за 2017та година

ЗУМД ТАКТ, Ловќенска 36/11 Скопје, Македонија тел +389 71293209
http://www.takt.org.mk/mk/

## *Прва национална конференција “Жени во спорт”, Скопје 2017*

На 1 јуни ТАКТ ја организираше првата Национална конференција "Жени во спорт" во Скопје.




*Национална конференција "Жени во спорт"*

Конференцијата беше поддржана од UN Women, Амбасадата на САД во Р. Македонија, Факултетот за физичка култура, спорт и здравје и спортскиот бренд DiBiaggio NY. Панелисти на оваа конференција беа истакнати женски спортистки, претставници од невладиниот сектор и спортски едукатори. Учесниците дискутираа за унапредување на родовата рамноправност во спортот, поголемо вклучување на жените во спортот и повеќе жени на лидерски позиции во спортски институции.




*Панелистки на националната конференција*



Дел од атмосферата на конференцијата

# *“Обединети преку спорт”*

Под мотото “Единство. Започнува со тебе”, невладината спортска организација „ТАКТ“, во соработка со Амбасадата на САД во Македонија, Агенцијата за млади и спорт и Факултетот за физичко образование спорт и здравје, во мометот го имплементира проектот “Обединети преку спорт”.




*Прес конференција за најава на проектот’’Обединети преку спорт”*

Главни цели на овој проект се: зголемување на бројот на девојки кои се занимаваат со спорт, поттикнување учество на маргинализирани групи на граѓани во спорт, како и обучување на лица за решавање конфликтни ситуации и изградба мир преку спорт и спортски активности. Во рамки на проектот создадовме “Национална мрежа на спортски лидери” составена од 25 промотори на спортски вредности од цела Македонија, кои работат на имплементација на акциски планови според потребите на нивните заедници, во соработка со Центарот за спорт, мир и општество од САД.



*Мрежата на спортски лидери на својата прва работилница во Берово*




Проектот опфаќа голем број на работилници на тема родова еднаквост ширум Македонија

# *“Зајакнување на девојки преку спорт”*

*Лого на проектот*

Овој проект е поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија и предвидува работилници за унапредување на лидерските вештини кај младите девојки преку спорт, кои се одржуваат во средните училишта низ цела Македонија.




*Работилница со студентки од ФФОСЗ*

Исто така, проектот опфаќа работилници предводени од гостински експертки за родова еднаквост од Холандија, Анита Власвелд и Вили Вестерхоф, кои доаѓаат од позната холандска невладина организација, на кои учествуваа студентките од Факултетот за физичка култура, спорт и здравје, Скопје.




*Фотографии од видеото*

Во делот на медиумска кампања изработивме инспиративно видео насловено ,,Девојки како нас'', во кое се прикажани осум успешни примери на македонски спортистки, секоја како хероина во својата спортска дисциплина и секоја со инспиративна и мотивирачка порака за тоа како спортот благородно влијаел во нејзиниот живот, како и пишани приказни од истакнати македонски спортистки.

# *"Жените лидерки во спортската индустрија"*

Оваа шестмесечна иницијатива која е поддржана од Француската амбасада и Францускиот конзулат има за цел да ги поттикне девојките и жените од Македонија да развиваат лидерски способности преку спорт.



Вечер на инспиративни приказни со врвни спортистки од Куманово

Целта на проектот е да се промовираат и да се зајакнат женските спортистки, преку посебно приспособени активности за поддршка и насочување на девојките кон претприемништво во спортската индустрија. Овој проект се заснова на концепт кој опфаќа национален ангажман и ќе се случува на територијата на три општини низ Македонија, Скопје, Битола и Куманово.



Говорнички на завршниот настан беа Гордана Нацева, Моника Гавриловска и Гордана Цветковска-Бошевска

Во рамките на истиот, се одржаа две Вечери на инспиративни спортски приказни на кои локалните истакнати спортистки, кои во македонската јавност се познати по своите значајни резултати, споделија инспиративни приказни за издржливоста и храброста во надминување на предизвиците и бариерите со кои се соочиле во текот на градењето на своите спортски кариери. На завршниот настан имавме чест да ги слушнеме приказните за патот до успехот на едни од најдобрите македонски спортистки кои се наоѓаат на лидерски позиции, а претставуваат вистинска реткост во спортската индустрија.

# *“Конференција за родово базирано насилство во спортот”*

За првпат досега проговоривме на тема Родово базирано насилство врз жените во спортот. На конференцијата организирана во соработка со Национална Мрежа Против Насилство врз Жените и Семејно Насилство и Агенција за млади и спорт / Agency of youth and sport и со поддршка од U.S. Embassy Macedonia отворивме една сензитивна тема за која досега не се говореше во македонската јавност.



*Учесници на конференцијата за Родово базирано насилство врз жените во спортот*

Дел од спортистките споделија лични искуства и кажаа со каков тип на насилство се соочувале во нивните спортски кариери. Најважно, од дискусијата произлегоа заклучоци и препораки за превенција на насилството врз жените врз спортот.



*Фотографија од конференцијата*



За прв пат македонските медиуми покажаа голем интерес за насилството врз жените во спортот

## *Формирана работна група за родова еднаквост во спорт*

Како една од препораките од првата Национална конференција „Жени во спорт”, ТАКТ со поддршка од UN Women, ја оформи Работната група за родова еднаквост во спортот.



*Состанок на работната група во канцелариите на ТАКТ*

Во работната група членуваат следните спортистки и активистки: Гордана Нацева, Моника Гавриловска, Силвија Митевска, Андријана Будимир, Гордана Цветковска-Бошевска, Ленче Алексовска-Величковска и Андријана Мисовски.



*Состанок на работната група во канцелариите на ТАКТ*

Работната група за родова еднаквост во спортот преку своето делување ќе се стреми да ги постигне следните ЦЕЛИ:

- Промовирање на родовата рамноправност и зајакнување на жените преку спорт
- Подобрување на пристапот за жените и девојките до физичко образование и спорт
- Воведување на родова перспектива во имплементираната легислатива и политика во функција на родовата еднаквост
- Соодветно распределени финансиски и други ресурси за имплементација на законите и политиките кои ќе обезбедат родова еднаквост во спорт
- Подигнување на свеста во врска со постоечката стигматизација и маргинализација на жените во спортот
- Надминување на предрасудите особено кај ранливите категории на жени и девојки, поврзани со учество во спортски активности

***Финансиско работење на Здружението за унапредување на меѓусебната доверба ТАКТ, Скопје***

| ***Донори за 2017та година*** | ***Добиен грант*** |
|---|---|
| ***Амбасада на САД во Р. Македонија*** | ***2. 012. 712,00*** |
| ***Амбасада на Кралството на Холандија во Р.Македонија*** | ***1. 582. 452,00*** |
| ***Цивика Мобилитас*** | ***386.000,00*** |
| ***Амбасада на Франција во Р.Македонија*** | ***194. 590,00*** |